РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1179/2
14-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1179/1 од 26.03.2025 година, во која се укажува на неправилности во врска со издадени Одобренија за градење од страна на надлежните служби во Општина ----, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по истите, како и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1179/1 од 26.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 26.03.2025 година, поднесена е пријава заведена со број 12-1179/1, со наводи против надлежните служби во Општина ----, против ---- - Управител на ТД ----ДОО Скопје и против -----Управител на ----ДООЕЛ Скопје, во врска со издадени Одобренија за градење и оформен е предмет број 12-1179/1 од 26.03.2025 година.
Изнесените наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека службеното лице ----, вработен во Општина ----------- ја злоупотребил својата службена положба и овластување, со тоа што на инвеститорите ---- и ---- им овозможувал да се стекнат со Одобрение за градење УП.бр. ---- од ---- година, правосилно на ---- година и УП.бр. ---- од ---- година, правосилно на ---- година, иако знаел дека во Основниот проект односно во проектната документација

недостасуваат два важни и неопходни проекти и тоа: градежен проект за ископ и подградување како и градежен проект за обезбедување на соседите и земјиштето.

Имено, подносителот наведува дека неговата куќа се наоѓа на ул.„ ---- “ бр. ----, која е во непосредна близина со новопроектираните објекти и како резултат на тие градежни активности појавени се голем број пукнатини на фасадите, ѕидовите и плафоните.

При разгледувањето на пријавата бр. 12-1179/1 од 26.03.2025 година, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за пријава во која се содржани исти наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет заведен под број 12-1782/1 од 24.03.2023 година и одлучено на 95-тата седница одржана на ден 15.11.2023 година, односно има донесено одлука од своја надлежност, заведена под број 12-1782/11 од 20.11.2023 година, со која постапката по предметот се запира, од причина што за предметниот случај се води судска постапка.

По разгледувањето на предметниот случај, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по истите, како и донесена Одлука од нејзина надлежност.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Заменик претседател

м-р. Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата